

**ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“ НА УКИМ**

***Со цел што подобро да се запознаеме со животните патеки на донаторот Петар Стаматов, го поместуваме текстот под дел два од неговиот правнук Јованчо Методија Трајков, кој со својата сопруга Соња и ќерката Калина живееше во Торонто, Канада.***
***Во текстот, меѓу другото, го пишува следното:***

*Еден ден, во1918 година, чистејќи ја кафеаната наишол на некој заборавен исечок од весник и некоја заборавена фасцикла на некој од гостите што биле од предхониот ден. За среќа, на неа имало и име и презиме. Вујко се сетил на тој гостин и решил да му ја врати. По неколку дена повторно дошол истиот човек на кого му припаѓала фасциклата . Вујко му ја вратил фасциклата и за тоа добил награда.*

*Човекот останал со последните гости и пред затворањето го викнал вујко и го прашал дали знаел што имало во тоа што му го вратил. Вујко бил збунет и уплашен да не недостасува нешто или дека е изгубено. Човекот му се претставил дека е од француска компанија која работи во Бугарија и е одговорна за емигрирање во Америка и дека токму тој сака да му помогне на Петар да замине за “ветената земја”.*

*Така и направил. За нецела недела му ги подготвил, речиси ги фалсификувале*

*документите (бидејќи вујко немал полни 19 години колку што било потребно) и му ги предал за да појде на далечен пат. Така, вујко заминал за Гери, Индијана и тоа со брод од Болоња, Италија. Како што бидувало и тогаш и денес, во Гери го пречекале наши луге. Тие живеле во сиромашни услови, и работеле секојдневно по 12 часа. Им останувала слободна само неделата и од сабајлето оделе во единствената православна црква, која била под јурисдикција на Бугарската православна црква.*



*Внатрешниот дел на црквата во Смилево*

*Таму биле во коминикација со братските дружелубиви браќа Македонци, претежно од Егејска Македонија. Таму се ковала иднината и историјата на новото македонско иселеништво кое било свртено кон напредните сили во Европа, каде и ја гледале иднината на Македонија.*

*Вујко бил импресиониран од некој господин Попоф, кој многу убаво зборувал англиски јазик и бил респектирана личност во тамошните кругови. Тој секогаш ги подучувал Македонците што треба да прават и како да се однесуваат во одредени ситуации. Попоф бил задолжен да им пишува писма на ангиски јазик или да комуницира со работодавачи. По некоја година, пред големата депресија и решението на берзата во Њу Јорк, господин Попоф почнал да им бара пари за предходните и наредните услуги. Ако немале и на тие што не можеле да се јават кај поп Симеон, кој ќе им помогне?.*

*А, еве, како им помагал попот Симеон. Им ги земал документите на сите, им издавал нови црковни документи, како крштеници и изводи на родените и документ дека кон Попоф се подмирени долгувањата .Меѓутоа, многу малку од нив забележале дека им се изменети имњата и презимињата. На пример, Вујко Петар не бил веќе Петар, туку Петар Стаматоф (со “ф” на крајот), наместо Стаматов.*

*Кога реагирале вујко и уште неколку негови истомисленици, им дале образложение дека во Америка така се пишува нивното име и ако сакале промена, требало прво да ги подмират трошоците према господин Попоф, а потоа и кон црквата. Вујко останал незадоволен и се чувствувал излажан. Не се работело за национална свест и патриотизам, туку едноставно за лажење и уценување. Во 1929 година настапила големата депресија. Немало работа никаде, само глад, сиромаштија и секојдневни самоубиства. Се хранеле од казан во јавните кујни, се’ до 1931 година.*

*Вујко решил и добил прилика де се тргне од балканското друштво од Гери, со цел да види што може сам да направи во животот. За оваа намера разговарал со некој Италијанец по име Луиџи кој му помогнал и го вработил по неколку часа во денот да работи во неговите подрумски простории од дуќанот, во кој се продавале зеленчук и овошје. Вујко Петар му ја подготвувал стоката: ја чистел, класифицирал и ја поставувал да биде подготвена за продажба. Кога господинот Луиџи видел колку бил вреден вујко Петре, го информирал дека тој имал брат во Чикаго, со ист таков дуќан и дека може да работи и кај него. По еден месец вујко веќе бил на работа кај братот на Луиџи. Кај него останал скоро две години, а потоа преминал во некоја поголема диситрибутерска компанија за овошје и зеленчук.*

*Во новата компанија, за среќа, имало и синдикат. Таму вујко Петар тука се запозналсо идејата за новото руско општество на Ленин и на Сталин. Ентузијазмот бил голем. Со одушевување биле прифатени новите идеи и начин на работа и живеење. Затоа, некои од вработените се подготвувале дури и да заминат во ветената земја на пролетеријатот.*

*Во тие немирни години, фашизмот немилосрдно се ширел. Така, Хитлер окупирал голем дел од Европа и пошироко, а Мусолини стасал до Етиопија. Франко беснел во Шпанија, а со тоа започнала и Грѓанскиот војна. По старото непишано правило, војната во Европа придонела да се отворат многу работни места, надниците во Чикаго да скокнат од 8 центи на час до 40-45 центи. Како резултат на тоа, по годинадве, Вујко собрал некоја пара настрана и, познавајќи ја трговијата, одлучил сам да отвори дуќан.*

*За жал, вујко Петар немал доволно пари за инвестирање, а имал желба да биде самостоен, односно да отвори свој дуќан, Затоа, собрал сили и идејата му ја кажал на братот на Луиши, со кого станале добри пријатели. Во почетокот тој ништо не му ветил, туку му рекол дека ќе разговара со некои луге во врска со неговата желба. Не поминало десетина дена и брататот на Луиши му закажал состанок на вујко Петар во хотелот “Асториа”, да се сретнат навечер.*

*Вујко најпрво помислил да не е некоја грешка, но кога отишол во хотелот, видел од портирот дека го очекувале неговото доаѓање. Состанокот бил закажан вујко Петре да се сретне со познатиот Италијанец од подземјето, Ал Ка Понесо .Тој го примил една минута и веднаш му дал 5.000 долари, велејќи дека парите се за да отвори дуќан на “Цицеро Авенијата”.*

*Неговите луѓе ќе му помогнеле да го земе подобриот дуќан, кој бил на добра локација, но само под еден услов, а тоа било да купува стока исклучиво само со списокот на компании коа му го дал. Исто така, му рекол дека треба парите да ги врати по две години, со 5% камата за двете години. Тоа било големо изненадување и помош за вујко Петар да ја реализира својата дамнешна идеја. Така, со парите отворил дуќан и ја започнал својата нова иднина. Дуќанот го држел до 1965 година, кога големите супермаркети започнале да ги голтаат помалите бизниси.*


CHICAGO
STATE
THE HU
STATE ST. LOOKING SOUTH CHICAGO, ILL. C-103



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**